# ЗАПИСНИК

од 11-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
7 декември, 2022 г., Скопје

**<u>Присутни</u>:**

Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Фарук Невзади (Секратар на Општина Чаир), Нухи Незири (Градоначалник на Општина Теарце), Џезми Муслији (Раководител на сектор за урбанизам во Општина Липково), Азем Садики (Градоначалник на Општина Студеничани), Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Трајко Славески (Претседател на совет на Град Скопје), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп).

**<u>Дискусија</u>**:

Присутните членови го констатираа мнозинството и го усвоија следниот:

## ДЕНЕВЕН РЕД

1. Дискусија во однос на последните состојби поврзани со енергетската криза (очекувано присуство на претставник од Управниот одбор на ЕВН);
2. Дискутирање околу последните состојби во образованието (очекувано присуство на претставник од Државниот просветен инспекторат);
3. Усвојување на Буџет на ЗЕЛС за 2023 година, Акциски план за 2023 година и План за јавни набавки за 2023 година;
4. Разно.

**ПРВА ТОЧКА:** Дискусија во однос на последните состојби поврзани со енергетската криза (очекувано присуство на претставник од Управниот одбор на ЕВН);

Поврзано со писменото обраќање на Електродистрибуција, ДООЕЛ, Скопје до општините со кое општините се известуваат дека согласно Одлуката за преземање на мерки во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија донесена од Владата на Република Северна Македонија (Сл. Весник на РСМ бр. 240/22) извршен е увид во евиденцијата на извршени промени на корисник на електрична енергија, кои до извршената промена немале својство на мал корисник, а по извршената промена се стекнале со истиот, потребно е општините заклучно од 1 јануари 2023 година да се снабдуваат со електрична енергија од снабдувач на либерализираниот пазар на електрична енергија. Истовремено на општините им се укажува дека станува збор за “злоупотреба и манипулација” на пазарот на електрична енергија, па доколку самостојно не извршат враќање на направените промени на корисник, ќе бидат снабдувани од страна на снабдувач во краен случај.

На седницата беше поканет и присуствуваше и Директорот на Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје кој се обрати на присутните и укажа дека оваа компанија е должна да ги почитува Одлуките кои се донесени согласно прогласената кризна состојба во областа на снабдувањето со електрична енергија, заради што самата компанија не може самостојно да донесе одлука со

која ќе го запре процесот на промена на корисничкиот статус на општините, а општините ги повика, доколку сметаат дека им се повредени правата по било кој основ, да вложат соодветен приговор заради разгледување на истиот пред нив но со вклученост на надлежни државни институции.

Останатите истакнаа дека овој чекор не би требало да се преземе и дополнително поради фактот дека ЗЕЛС поднесе ИНИЦИЈАТИВА за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за преземање на мерки во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија со предлог – времена мерка со која се запира извршувањето на предметната Одлука до донесувањето на конечна Одлука од страна на Уставниот суд.

Беше истакнато и дека со Законот за енергетика, јасно се утврдена карактеристиките и условите за стекнување со статус на "мал потрошувач", па оттука и регистрираните корисници по својот правен статус и субјективитет во целост ги исполнуваат пропишаните услови. Пред да се изврши промена на корисникот и со тоа да се изврши промена на статус во мал потрошувач, субјектите се уредно регистрирани во Централниот регистар на Република Северна Македонија, како субјект кој по службена должност води сметка за основаноста на регистрацијата и правниот субјективитет на правните лица кои се стекнаа со статус на мал потрошувач и со тоа соодветно извршија регистрација на своите броила компанијата.

Подвлечено беше дека со Законот за комуналните дејности, една од основните комунални дејности е и дејноста - улично осветлување, како должност на секоја општина, па оттука, усогласено со Законот за јавните претпријатија, извршено е доделување на оваа комунална дејност во име на општината да ја извршува соодветното јавно претпријатие кое по својата природа во целост ги исполнува условите да се стекне со статус на мал потрошувач согласно Законот за енергетика. За да настане промената во мал потрошувач, а за која општините се известени дека постои намера да биде извршена, потребно е Електродистрибуција самостојно да постапи согласно Законот за енергетика, своеволно да одлучи дека одреден правен субјект кој се стекнал со право согласно Закон од одреден датум нема да биде третиран со ова стекнато право и дополнително, на своја рака да биде изложено на енормно повисоки финансиски трошоци кои ќе настанат заради самостојно донесената Одлука за поинаков третман. На овој начин ќе настане ненадоместлива финансиска штета по буџетот на општината, која патем е потребно да биде навремено предвидена во буџетот на општината, а за кои според Закон нема основ да бидат наменети во толкав обем како што ќе бидат изразувани трошоците за електрична енергија доколку броилата со одлука на Електродистрибуција бидат исклучени и преземени од страна на снабдувач на електрична енергија во краен случај.

Овие аргументи претставуваат основа за идни побарувања на општините за финансиски надомест на настаната штета за вкупната разлика на трошоците кои би настанале доколку настане промената. Истовремено беше истакнато дека ЗЕЛС најостро ги отфрла квалификацииите дека со своето поведение општините сториле "злоупотреба и манипулација на пазарот на електрична енергија" од причина што постапувањето на општините е исклучиво во согласност со правото утврдено со Законот за енергетика и останатите прописи кои преземените активности ги прават допуштени и во интерес на спречување на нецелисходни и неосновани буџетски расходи на општините.

Како најголема загриженост беше изразен фактот дека општините дури и да треба да постапи по напатствијата доставени од страна на Електродистрибуција, општините немаат можност за толку краток рок да спроведат постапка на ребаланс ан буџетот на општината за да може да предвидат соодветни средства кои ќе одговараат на цената на електричната енергија на либералниот пазар, па постои и голема веројатност дека заради недостаток на финансиски средства ќе се предизвика голем долг на општината кон Електродистрибуција и кон снабдувачот во краен случај.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор заклучи дека од страна на ЗЕЛС ќе биде изготвен образец на Приговор согласно укажаните насоки од страна на директорот на Електродистрибудија, ДООЕЛ, Скопје кој ќе биде доставен во форма на правна помош за аргументирано водење на постапки заради задржување на статусот со кој се стекнале општините и јавните претпријатија согласно Закон.

**ВТОРА ТОЧКА**: Дискутирање околу последните состојби во образованието (очекувано присуство на претставник од Државниот просветен инспекторат);

Со оглед дека со одлука на државниот просветен инспекторат е поништена постапката на полагање и стекнување со лиценци на 400 лица кои конкурираат за директори на училиштата, постои опасност дека општините нема да бидат во можност да ги спроведуваат активностите и надлежноста во образованието.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор бара од Државниот просветен инспекторат да ги преземе сите потребни дејства за да се создадат услови за организирање на испит за стекнување со лиценца на директорите на училиштата заради избегнување на запирање на процесот на управување со училиштата во надлежност на општините.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Буџет на ЗЕЛС за 2023 година, Акциски план за 2023 година и План за јавни набавки за 2023 година;

Пред присутните беа презентирани Буџетот на ЗЕЛС за 2023 г., Акцискиот план на ЗЕЛС за 2023 г. и Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2023 г.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС го усвојува финансискиот план – буџетот на ЗЕЛС за 2023 година и му предлага на Генералното Собрание истиот да го усвои на својата прва наредна седница.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС го усвојува планот на активности – акцискиот план на ЗЕЛС за 2023 година и му предлага на Генералното Собрание истиот да го усвои на својата прва наредна седница.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС го усвојува Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2023 година.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Разно – Дискусија во однос на состојбите поврзани со наплатата и утврдената висина на комуналната такса за улично осветлување.

Присутните беа повторно информирани дека и покрај сите напори од страна на ЗЕЛС но и поединечно од страна на поголем број градоначалници, до сега не енајдено разбирање за итната потреба од решавање на правниот проблем поврзан со пресметката на комуналната такса за улично осветлување. Со мрежните правила и одлуките за утврдување на висината на цената на електричната енергија, а со образложение дека се врши усогласување со Директивите на Европската унија, не е веќе допуштено да се изразува посебна цена за комунална такса за улично осветлување. Оттука, со Законот за комуналните такси, кој по сила е идентичен со Законот за енергетика, а со кој е утврден основот за самостојно утврдување на цената на електричната енергија од страна на Регулаторната комисија за енергетика, комуналната такса не го иззема никого од наплата, а дури се прави и штета на буџетот на општината доколку истата не се наплати.

ЗЕЛС оствари средби со многу институции како Министерството за финансии, Министерството за енергетика, Регулаторната комисија за енергетика, ЕВН Македонија, каде пред истите детално го образложи проблемот, дека во услови на зголемена цена на електрична енергија, комуналната такса нема мдус на нејзино изразување, односно пресметка заради

егзактно формулираните законски одредби, па оттука, како премочно решение се применува цената која важела пред укинувањето на оваа ставка во ценовниот систем на утврдување на висината на електричната енергија.

Општините работат во услови на енормно зголемена цена на електричната енергија, а комуналната такса едвај покрива една десеттина од реалните движена на слободниот пазар, а дополнително треба да се има во предвид дека обврската предвидува и тековно одржување и развој на мрежата на улично осветлување која треба да се финансира токму од комуналната такса за улично осветлување. Исто така беше истакнато дека со овој тренд на прибирање на средства во драстично намален износ и висока цена на електричната енергија, општините генерираат и долгови кои ќе се одразат врз малите буџети во услови на кризна состојба.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор го реафирмира барањето на уредување на прашањето за утврден начина на изразување на висината на комуналната такса за улично осветлување преку Закон, за што повторно бара итна и неодложна средства со сите надлежни институции.

**Скопје 7 декември, 2022 г.**

**Член на Управниот одбор,**
**Градоначалник на општина Радовиш,**

**_________________ ,**
**Ацо РИСТОВ**